20150421583

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014 и 188/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 30 јануари 2015 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА-АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012, 88/2013, 10/2014, 47/2014, 98/2014, 138/2014 и 156/2014), во член 2, во табелата со поднаслов - „Здравствени услуги интерна медицина“ по услугата АИМ32 - Уреа издишен тест за Helicobacter Pylori, се додава следната табела:

Шифра	Вид на здравствена услуга	референтна цена
АИМ33	Гастроскопија со анестезија	5.750
АИМ34	Колоноскопија со анестезија	6.750

Во табелата со поднаслов – „Пакети на здравствени услуги за неврологија“, кај услугата АНМ16 - Месечен третман на мултипна склероза, бројот „48.720“ се менува со бројот „36.030“ .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-2404/4
4 февруари 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.